# РАДУЛЕ
# АНЃЕЛКОВИЌ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ ОД

# РАДУЛЕ АНЃЕЛКОВИЌ

АКАДЕМСКИ СЛИКАР ОД КРУШЕВАЦ

27 — IX до 10 — X 1978

РАДУЛЕ АНЃЕЛКОВИЌ, сликар роден 1931 година во ГРГУРА кај БЛАЦ.

Завршил академија за ликовна уметност во Белград 1960 г. член на УЛУС од 1964 година. Студски патувал во Унгарија, Австрија, С. Р. Немачка, Шајцарска, Италија и Грчка.

**Самостојни изложби:**

ТУЗЛА; 1953 год.

КРУШЕВАЦ; 1964, 1970, 1973 и 1975 год.

ВРЊАЧКА БАЊА; 1971 и 1974 год.

**Групни изложби:**

1961 г. — 1977 г. во КРУШЕВАЦ

1964, 1965, 1966, 1967, 1968, 1970, 1971 г. во БЕЛГРАД

1966 г. и 1967 во ПИСТОЈНА и МОНТЕКАТИНИ (Италија)

1969 г. во ЧАЧАК, КРАЉЕВО, КРАГУЈЕВАЦ, ВАЉЕВО, ЛАБИН, РОВИЊ, ПУЛА, РИЕКА и ТИТОВО УЖИЦЕ

1971 г. ТУЗЛА

1972 г. во СМЕДЕРЕВО, БЕЛГРАД и БЕРЛИН

1973 г. во СТРУМИЦА, КРАЉЕВО, ЧАЧАК, КРАГУЈЕВАЦ, ВАЉЕВО, РОВИЊ, ЛАБИН, ПУЛА, РИЕКА, ТИТОВО УЖИЦЕ, КУМАНОВО и БРИСЕЛ.

1974 г. во КРАЉЕВО, СТРУМИЦА, НОВИ ПАЗАР, МАРИБОР, ЗАГРЕБ, НОВИ БЕЛГРАД, ТРАВНИК и КУМАНОВО

1975 г. во КУМАНОВО, ВРАЊЕ, СКОПЈЕ, ВРЊАЧКА БАЊА, КРАЉЕВО, ЧАЧАК, ТИТОВО УЖИЦЕ, ВАРАЖДИН и НОВИ БЕЛГРАД

1976 г. ВРЊАЧКА БАЊА, ЧАЧАК, КРАЉЕВО и ТИТОВО УЖИЦЕ

1977 г. во ВРЊАЧКА БАЊА, КРАЉЕВО, ЧАЧАК, ГОРНИ МИЛАНОВАЦ, ГУЧА, ЛУЧАНИ, ЖАЛЕЦ, ТРАВНИК и СУБОТИЦА

1978 г. ЖАЛЕЦ и МАРИБОР.

**НАГРАДИ:**

II награда на октомвриската изложба во 1977 година во Крушевац и откупна награда на истата изложба.



ОБДУКЦИЈА



СКРИЕНА КАСЕТА

*Кога зборуваме за сликарството на Радуле Анѓелковиќ, истовремено се потсетуваме на мислењето на Дучиќ кој зборува „ПРЕДМЕТИТЕ ИМААТ ОНАКОВ ИЗГЛЕД КАКОВ ИМ ГО ДАВА НАШАТА ДУША“ т.е. сликата е една душевна состојба. Тргнувајќи од ова мислење и од начинот како е градено сликарството на сликарот Анѓелковиќ, со основни елементарни судири на поетското и драмското, светлото и темното, интуивно, сведувајќи го светлото на минимално заробени акценти, ме наведува да го сврстам кон сликарството на ИНТИМИЗМОТ и ПОЕТСКИОТ РЕАЛИЗАМ, кои го одликуваат три битни елементи: мотивот, пластичната структура и емоцијата, сите урамнотежени и подеднакво значајни.*

*Спротивно од Експресионистот, сликарот — интимист, а во повеќето и поетскиот реалист, тргнуваат од мотивот кон чувствата; тој го усвојува и го преживува она што го гледа, преобличувајќи го предметот и давајќи му предикати од внатрешната визија.*

*Сликарот Анѓелковиќ навлегува во пориите на секојдневниот живот, иако по природа е молчелив и повлечен, избирлив и сериозен не поднесувајќи јаки бои (во исклучителни случаи каде треба да ја нагласи содржината) покажувајќи дека неговиот вкус и чувствителност се посилни од неговиот темперамент. Во неговата смиреност се оцртува чувствителност на слухот и изостреноста на окото во интимните барања и движења во просторот, кои самите по себе зачудуваат со меланхолични акценти и варијации на тонски и колористички вредности кои лежат во хармонијата и мерката на искажувањето, како далечен одек на еден сон кој станува вистина, оплеменет со временската дистанца и истото се повторува безброј пати од една во друга слика. Звукот и мислата на неговите бои; смирената црвена, умбрата, окерот и др. кои се расцветуваат во богатство на нијанси и градат единствена коларистичка целина, подвлечена со немирна линија, често убрзана и испрекината формирајќи ја цврстата помалу скулпторска стилизирана форма, збогатена со пластична вредност, вплетена во една мелодичност и ритмична скала, која ја опфаќа и ја решава дадената идеја.*

*Анализирајќи го понатаму ова сликарство, може уште еднаш да се подвлече интелектуалноста, моралноста и емоционалната основа, преку која се доаѓа до сознание дека неговиот поетски рационализам е многу разновиден и содржаен, искажан со мајсторскиот сликарски потег.*

*Тане — Гарски*



РАСПУКНАТ ЦВЕТ



ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ИЗВОРОТ НА СВЕТЛОСТА

| | |
|---|---|
| 1. ОБДУКЦИЈА, масло на платно | 1962 год. 37 x 51 см. |
| 2. ПИЈАНСТВО, масло на платно | 1963 год. 80 x 60 см. |
| 3. НАПУШТЕНИ ПРЕДМЕТИ, масло на платно | 1964 год. 71 x 65 см. |
| 4. СОНУВАЊЕ НА МАЛА АНА масло на платно | 1965 год. 65 x 80 см. |
| 5. ОСВОЈУВАЧ, масло на платно | 1966 год. 68 x 47 см. |
| 6. ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ИЗВОРОТ НА СВЕТЛОСТА, масло на платно | 1966 год. 68 x 47 см. |
| 7. СЛИКАР ВО АТЕЉЕ, масло на платно | 1968 год. 48 x 68 см. |
| 8. ЦРКВА, масло на платно | 1969 год. 46 x 46 см. |
| 9. КАРНЕВАЛСКА ПОВОРКА, масло на платно | 1970 год. 46 x 46 см. |
| 10. КОСМИЧКА СВЕТЛИНА, масло на платно | 1970 год. 55 x 74 см. |
| 11. КТИТОР, масло на платно | 1970 год. 82 x 62 см. |
| 12. РАСПУКНАТ ЦВЕТ, масло на платно | 1970 год. 89 x 69 см. |
| 13. СРЕДБА, масло на платно | 1970 год. 82 x 62 см. |
| 14. СКРИЕНА КАСЕТА, масло на платно | 1970 год. 54 x 38 см. |
| 15. ДВЕ ЦИГАНКИ, масло на платно | 1970 год. 100 x 85 см. |
| 16. ПОВЕРЛИВ РАЗГОВОР, масло на платно | 1970 год. 100 x 85 см. |
| 17. ПРЕДЕЛ, масло на платно | 1970 год. 45 x 30 см. |
| 18. ТРИ ФИГУРИ, масло на платно | 1971 год. 73 x 60 см. |
| 19. ЗРЕЛИ ПЛОДОВИ, масло на платно | 1971 год. 65 x 50 см. |
| 20. ЦРВЕН ПРЕДЕЛ, масло на платно | 1972 год. 50 x 65 см. |
| 21. АТЕЉЕ, масло на платно | 1972 год. 50 x 40 см. |
| 22. ЦРВЕНА ПЛАНИНА, масло на платно | 1973 год. 85 x 100 см. |
| 23. ЦРНА ВАЗНА, масло на платно | 1973 год. 65 x 80 см. |
| 24. ЉУБИЧАСТА СЛИКА, масло на платно | 1973 год. 65 x 81 см. |
| 25. СПОМЕНИК, масло на платно | 1973 год. 65 x 50 см. |